| | |
|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македонски јазик | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Видови литературни текстови<br><br>(расказ,<br>бајка,<br>басна,<br>драмски текст,<br>песна) | Ги објаснува (преку пример) карактеристиките на песна (стих, строфа, рима) | 170 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат за месеците во кои се родени:<br>• Што ти се допаѓа во месецот во кој си роден/а?<br>• Што не ти се допаѓа во тој месец? Зошто?<br>• Кој месец најмногу го сакаш?<br>• Што знаете за месец јуни?<br>(шести месец, 30 дена, распуст, летен месец, денот е подолг)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на тивко читање на песната „ Јуни“ стр.177.<br>Одговараат на прашања за содржината на песната:<br>• Од коку строфи е составена песната?<br>• Колку стихови има во секоја строфа?<br>• За што се пее во песната?<br>Наставникот истакнува преку проектор четири реченици кои се однесуваат на строфите од песната. Учениците треба да откријат која реченица на која строфа се однесува. Се ставаат броеви од 1 до 4 пред речениците.<br><br><br>1. Јуни го носи летото со песна.<br>2. Летниот одмор ги радува децата. | компјутер<br><br>звучници<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Ги објаснува карактеристиките на песната: строфа, стих, рима<br><br>Изразно чита поетска творба<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Летото пак како лани<br>на летен одмор нас нè кани.<br>Топло сонце ќе нè грее<br>секое дете ќе се смее.<br><br>3. Езеро, море, планина-секаде само убавина.<br><br>На езеро или море ширно<br>на планина или в село мирно,<br>сеедно, каде и да одиме<br>смеата со себе ќе ја водиме.<br><br>4. Поздрави и прегратки за убав одмор.<br><br>Другарчето мое на одмор ќе оди,<br>затоа сега се поздравивме милно,<br>наесен, во септември,<br>пак ќе се прегрнеме силно.<br><br>Учениците гласно ја читаат песната строфа по строфа и ја опишуваат поетската слика. Се чита и соодветната реченица.<br>Се откриваат римуваните зборови(носи-боси, лесна-песна, лани-кани...).<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги запишуваат речениците во тетратка.<br>Се формираат парови кои ја читаат песната(1-3, 2-4 строфа).<br>*Домашна работа-Насоки за меморирање на песната.(по две сторфи за рецитирање во пар)*<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ЈУНИ

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Пишување и читање текстови на македонски јазик напишани солатинично писмо</td>
<td>Чита едноставни текстови напишани на македонски јазик со печатни латинични букви<br><br>Препишува зборови, реченици и кус текст напишани со латинично печатно и ракописно писмо</td>
<td>171</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Учениците во парови ја рецитираат песната„ Јуни“.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Секој ученик добива лист со текст„Juni“ напишан со печатни латинични букви.<br>Следат изразно читање и одговараат на прашања од текстот напишани со латинични печатни букви:<br>• Kako se pretstavuva mesecot juni vo početokot na tekstot?<br>• Na što ne povikuva crešata vo juni?<br>• Cii plodovi se poslatki?<br>• Kogo go povikuva livadata?<br>• Kako učenikot go pozdravuva učilišteto?<br>• Koj ke bide najdobar prijatel na decata vo leto?<br>• Sto im poračuva juni na decata?<br>• Na kogo juni treba da mu otstapi mesto?<br>Учениците се насочуваат на читање на текстот. Го пронаоѓаат и препишуваат со ракописни латинични букви обраќањето на јуни кон децата за односот кон книгите и читањето.<br>Jas gi zatvoram vratite na ucilištata. E, deca, potrebno e da se odmorite. Ama, ne treba da gi zaboravite i knigite. Treba da najdete vreme i za čitanje, a ne samo za igranje…<br>Завршни активности – изведување заклучок</td>
<td>компјутер<br><br>звучници<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>учебник<br><br>тетратка<br><br>работен лист</td>
<td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Чита текст напишан со печатни латинични букви<br><br>Препишува реченици и кус текст со ракописни латинични букви<br><br>Домашна работа</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците следат насоки за пронаоѓање на реченици кои ги чита наставникот од текстот.Пр.<br>- Moite plodovi se poslatki i od med! – sramežlivo dzirka jagotkata.<br>Учениците со молив ја пронаоѓаат и ја означуваат со знак „штикла“ и подигнуваат рака за да провери наставникот дали ја пронашле точната реченица.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

JUNI

Ima li nekoj što ne me poznava? Jas sum Juni, šestoto dete na mojata majka Godina. Kaj vas ḱe prestojuvam trieset dena. Na mojot dvaeset i prv den započnuva letoto. Moite denovi se najdolgi, najtopli, razigrani...

— Ej, deca, iskačete se na moive granki! — kani creša-ta.

— Moive plodovi se poslatki i od med! — sramežlivo dzirka jagotkata.

— Kosaču, zemi ja kosata i dojdi kaj mene! — povikuva livadata.

— Do viduvanje do septemvri, učilište drago! — pozdra-vuva učenikot.

— Dojdete, deca, kon moive vodi! Za vreme na letniot raspust jas ḱe bidam vašata najdobra prijatelka, — se javuva rekata.

Koj ḱe reče za mene deka sum loš mesec? Jas gi za-tvoram vratite na učilištata. E, deca, potrebno e da se odmo-rite! Ama, ne treba da gi zaboravite i knigite. Treba da naj-dete vreme i za čitanje, a ne samo za igranje... Dobro! Letoto e dolgo i ima vreme za sè! Gi pozdravuvam site učenici što bea pobednici vo borbata za podobar uspeh.

No, moram da zaminam! Treba da mu go otstapam mestoto na mojot iden brat. I toj ḱe vi donese mnogu prijatni iznenaduvanja.

A na razdelbata, deca, SREḰNO LETO!

СЦЕНАРИЈА ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА ЈУНИ

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник: Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| Наставна тема/подрачје : СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ/ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ/ЛИТЕРАТУРА /ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Се прави избор на содржини од сите четири наставни подрачја | Се прави избор на стандарди од сите четири подрачја со кои може да се повторат стандардите за оценување | 172 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се потсетуваат на содржините обработени од наставните подрачја преку постери истакнати во литературното катче.<br>(видови реченици- именки, придавки, глаголи, броеви)<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Секој ученик добива работен лист, а наставникот го истакнува преку проектор на таблата.<br>Се повторуваат обработени содржини од сите наставни подрачја со цел да се потсетат учениците на се што е работено во текот на годината.<br>• Се потцртуваат видови зборови во краток текст со различни бои( именки, глаголи, придавки, броеви);<br>• Се делат зборови на слогови;<br>• Се повторува за правилна употреба на голема буква и интерпункциски знаци;<br>• Пишуваат различни видови реченици со ракописни латинични букви.<br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Учениците во работниот лист следат насоки за домашна работа | постери<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>бела табла<br><br>работен лист | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Писмени искази во работен лист<br><br>Решенија во работен лист |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Да ги прочитаат извадоците од текстовите и да откријат за каков вид на текст станува збор(песна, расказ, бајка, баса, драмски текст).<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник: Наташа Тодоровска | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола |
|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | |
| Предмет: Македоснки јазик | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ |
| Наставна тема/подрачје : СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ/ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ/ЛИТЕРАТУРА / ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | |

| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| Се прави избор на содржини од сите четири наставни подрачја | Се прави избор на стандарди од сите четири подрачја со кои може да се провери усвоеноста на резулатите од учењето | 173 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците добиваат работен лист и следат насоки за индивидуална работа.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Активности за проверка на совладаноста на содржините од сите подрачја - Слушање и зборување, Читање и пишување, Литература, изразување и творење, медиумска писменост и медиумска култура.<br>Учениците одговараат на барања од различен тип- со заокружување, дополнување, поврзување и одгоовор со целосна реченица<br>**1.** Видови реченици-расказни, прашални, извични, потврди и одречни<br>**2.** Делење на зборови на слогови<br>**3.** Преобликува реченици од директен во индиректен говор и обратно<br>**4.** Пишување на реченици со ракописни латинични букви<br>**5.** Правилно пишување на голема буква и интерпункциски знаци<br>**6.** Идентификување на именки, глаголи, придавки, борви во реченици | работен лист<br><br>табла | Усни одговори на поставени прашања<br><br>Решенија во работен лист |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 7. Определување на строфа, стих и рима во песна<br>8. Прави разлика помеѓу бајка, басна, расказ, драмски текст, ликови, порака<br>9. Одговарање на прашања во врска со безбедност на интернет и соодветна комуникација преку телефон<br>**Завршни активности – изведување заклучок.**<br>Учениците ги предаваат работните листови.<br>Се прави кратка анализа на тежината на барањата. Се даваат насоки за подобрување доколку учениците се искажат дека имаат потреба од дополнителни вежби за време на летниот распуст.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пребарување наинтернет (линкови, клучни зборови, Google | Објаснува (преку пример) што претставува интернетот. | 174 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се искажуваат дали знаат што е интернет и за што служи.<br>• Што според вас претствува ИНТЕРНЕТОТ?<br>• Дали дома користите интерент?<br>• За што го користите?<br>• Како би изгледал светот без ИНТЕРНЕТ?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Наставникот на таблата црта големо дрво со многу гранки.<br><br>Учениците на одделни стикери запишуваат: комјутер, таблет, мобилен телефон и ги закачуваат на дрвото како листови.<br>Наставникот ги води учениците да замислат дека дрвото претставува интернет мрежа – секој лист од дрвото е еден компјутер или паметен уред и дека целата крошна може да има илјадници листови што се поврзани со гранките преку кои „комуницираат“ едни со други (добиваат и споделуваат информации).<br><br>Учениците следат фотографија од „шема“ на поврзани компјутери во мрежа низ училиштето, низ градот, низ целиот свет и изведуваат заклучоци | табла/ креда/ маркер<br><br>самолепливи стикери<br><br>презентација<br><br>фотографии од интернет<br><br>видеобим<br><br>компјутер<br><br>звучници<br><br>таблети<br><br>мобилни телефони<br><br>лаптопи | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Го знае значењето на интернетот<br><br>Активно учество во групни активности<br><br>Изведува заклучок за внимателно користење на интернетот преку паметните уреди |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | дека секоја информација може да се пренесе и да се добијат најразлични податоци од секоја област преку користење на интернет.<br>Учениците се искажуваат што најмногу сакаат да гледаат на интернет и зошто.<br>Се насочуваат во групи да пронајдат по клучен збор одредена песна.<br>• Преку која апликација следиме видеа?<br><br><br>Учениците се насочуваат да пронајдат и запишат најважни податоци за :<br>- Најголемо езеро во Македонија<br>- Најмала птица во светот<br>- Познат спортист/музичар и сл.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците споделуваат свои искуства од пребарување на интернет и кажуваат дали самите пребарувале, дали со некој возрасен, што дознале при тоа, што уште би сакале да дознаат со пребарување.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ И МЕДИУМСКА КУЛТУРА | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Пребарување на интернет (линкови, клучни зборови, Google | Определува клучни зборови во реченици и куси текстови.<br><br>Наоѓа потребна информација на интернет преку пребарување на Google. | 175 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се поделени во 4 групи. Секоја група добива лист со напишан краток текст на одредена тема :<br>• домашно милениче<br>• превозно средство<br>• спортски игри<br>• мобилен телефон<br>Добиваат задача да ги издвојат најбитните зборови на кои се однесува реченицата/текстот . Пример:<br>• **домашно милениче**(куче, маче, папагалче, ветеринар, кафез, куќичка и сл.)<br>• **превозно средство**(автомобил, авион, писта, коловоз, пилот, шофер итн.).<br>• **спортски игри**(фудбал, игралиште, топка, спортист, кош ,...)<br>• **мобилен телефон**(интернет, контакти, пораки, разговор,...)<br>Групите ги читаат нивните размислувања и преку отворена дискусија се заклучува дека издвоените зборови се сметаат за клучни зборови затоа што ја пренесуваат главната информација за темата.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците следат насоки како да пребаруваат на Google во врска со темата: (пр. домашни миленичиња, | Работен лист со текст за групна работа<br><br>табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>учебник<br><br>таблети<br><br>паметни телефони<br><br>лаптопи | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Може да определу клучни зборови во куси текстови.<br><br>Ги знае основните чекори за пребарување на интрернет по клучни зборови<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | превозни средства) и кои клучни зборови треба да ги  <br>користат(стр.174)<br>Се даваат и насоки како се пребариваат слики, а како видеа. (Images/videos)<br>Во секоја група учениците имаат компјутер/таблет или паметен телефон и според дадените насоки треба да пребаруваат по клучни поими и да запишат информации поврзани со темата.<br>Во работен лист запишуваат кои клучни зборови ги користеле за пребарување и што забележале како најинтересно и карактеристично за темата која ја истражуваа.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Во отворена дискусија се споредуваат клучните зборови, односно кусите прашања што секоја група ги кристеа при пребарувањето и се утврдува нивната важноста за добивање соодветни информации.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творе | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови. | 176 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Учениците се насочуваат да размислат кога последен пат помогнале некому.<br>• Како му/ѝ помогнавте?<br>Неколку ученици споделуваат свои лични доживувања.<br>• Како се чувствувавте кога направивте добро дело?<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на внимателно слушање на текст „ Златно срце“ од Видое Подгорец.<br>Одговараат на прашања поврзани со содржината:<br>• Зошто Тинка ја нарекле „Златно срце?“<br>• Кои особини ги забележувате кај Тинка?<br>• Како се однесувала Тинка кон старицата со торбите?<br>• Кој ѝ помогнал на старицата?<br>• Како и заблагодарила старицата на Анушка?<br>• Зошто бабата не ја погледнала Тинка?<br>Учениците усно го прераскажуваат текстот, а наставникот запишува краток план поврзан со содржината кој произлегува од нивните прераскажувања.<br>Учениците го препишуваат планот и следат насоки како текстот писмено да го прераскажат по зададениот план.(за домашна работа) | работен лист со текст<br><br>бела табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Усно прераскажува текст по зададен план со употреба на свои зборови<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршни активности – изведување заклучок**<br>Одговараат со полни реченици на исказите:<br>• Овој текст ме натера да размислам за .... ;<br>• Во овој текст бев изненаден од ....;<br>• Од овој текст научив дека....<br>• Пораката на овој текст е ...<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |



ЗЛАТНО СРЦЕ

Пред неколку дена во нашата зграда се досели ново семејство: татко, ... ка и нивната ќерка Тинка.

Тинка ја завикавме уште и Златно Срце. Тоа ѝ беше како укор. А еве зошто:

Првиот ден, кога дојде да игра со нас, почна да се фали:

- Деца, јас имам златно срце. Еве го. Татко ми ми го донесе од странство...

И на сите им го покажуваше синџирчето на кое беше обесен жолт привр-зок во форма на срце.

Еден ден игравме на ширинката пред новото училиште. Додека скокавм... трчавме, по тротоарот минуваше старица со две кошници во рацете, се враќа... од пазар и по нејзиното чекорење се гледаше дека кошниците ѝ се тешки.

-Ох! - стенкаше. - Рацете ми се откинаа.

Кога наближа до нас, ги спушти кошниците на земја за да се одмори.

- Што не си зела само една кошница? - рече Тинка - две се тешки, а едн... полесно би ја носела.

- Ех, зошто, де... се жалеше старицата. - Требаше да купам повеќе про-дукти.

А кога сакаше да продолжи, истрча Анушка, ќерка на чистачот на чевл...

- Дај да ти помогнам, бабо!

Старицата не знаеше како да ѝ се заблагодари.

- Ти имаш златно срце, чедо - рече. - Навистина имаш златно срце - повтори. - Да не ми помогнеше, кој знае како ќе стигнев до дома.

Тинка веднаш го покажа своето синџирче со жолтиот приврзок и рече:

- Јас имам златно срце, а не Анушка!

Но, старицата не ја ни погледна, туку си продолжи по тротоарот.

Видое Подгорец

22

resursi.literatura.mk

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творе | Прераскажува литературен текст по зададен или сопствен план употребувајќи свои зборови. | 177 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Читање на текстот „Златно срце“ од учениците и потсетување на содржината преку планот од претходниот час.<br>• Ново девојче во нашата зграда.<br>• Тинка постојано се фали со златното срце.<br>• Разговор на Тинка и старицата.<br>• Анушка ѝ ги носи торбите на старицата.<br>• Тинка нема златно срце, туку Анушка.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците се насочуваат на писмено прераскажување на текстот следејќи го зададениот план, но да се служат со свои зборови.<br>Учениците читаат дел од напишаното со цел да се пресретнат грешки и да се дадат натамошни насоки.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Дел од готовите писмени прараскажувања се читаат од учениците, се анализираат и се даваат насоки за подобрување.<br>Сите тетратки учениците ги оставааа за прегледување со цел да добијат повратна инфорација од наставникот.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за | работен лист со текст<br><br>бела табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Писмено прераскажува текст по зададен план со употреба на свои зборови<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно прераскажување, раскажувањеи опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња | Раскажува кратка приказна врз основана серија слики како сведок раскажувач. | 178 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Секој ученик добива лист со илустрации кои треба да ги доцртаат и да раскажат нивна приказна како сведоци на настанот/настаните. Може да се подготват неколку различни работни листови со илустрации.<br>**Пр.** Наставниот лист е поделен на четири дела со сликички.<br>• На првата сликичка има игралиште со деца.<br>• На втората има само дете.<br>• На третата сликичка има топка.<br>• Четвртата сликичка ја доцртуваат сами со обединување на прикажаното во трите сликички<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Учениците откако ќе нацртаат едноставна илустрација под секоја слика запишуваат по една реченица како помош за да можат да напишат краток расказ кој ќе соодветствува со илустрациите.<br>Во празниот простор на листот создаваат расказ како да се директно присутни на случката.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Учениците ги читаат своите раскази и се прави споредба како на работен лист со исти илсутрации учениците писмено раскажуваат и дали има сличност во нивните раскази. | работен лист<br><br>боички<br><br>бела табла<br><br>компјутер<br><br>проектор<br><br>тетратка | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува кратка приказна врз основа на серија слики како сведок раскажувач<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

<table>
<tr><td colspan="4">Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска</td><td colspan="2">ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола</td></tr>
<tr><td colspan="4">Адаптирал: Одделенски наставник:</td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="6">Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="4">Наставна тема – СЛУШАЊЕ И ЗБОРУВАЊЕ</td><td colspan="2">ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ</td></tr>
<tr><th>содржини и поими</th><th>стандарди за оценување</th><th>час и датум</th><th>сценарио за час</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr><td>Усно прераскажување , раскажување и опишување со правилна употреба на сегашно време, минато определено време минато неопределено време (без дефинирање на глаголските времиња</td><td>Раскажува на зададена тема или на тема по избор, користејќи соодветен вокабулари употребувајќи глаголи во сегашно и минато време.</td><td>179</td><td>Воведни активности – активирање на предзнаења<br>Претходна подготовка<br>Секој ученик од дома треба да донесе омилена книга со песни, раскази, бајки, сликовница, енциклопедија<br>Се искажуваат зошто им е таа книга омилена, дали би ја препорачале, дали би му ја позајмиле на другарче за време на летниот распуст да ја прочита и сл.<br>Главен дел – искуствено учење<br>Учениците се наоѓаат во училишната библиотека. Се запознаваат дека на часот ќе разговараат на тема: „ Книгата е извор на знаење“.<br>Учениците прават прошетка и ги разгледуваат книгите на полиците. Се читаат некои наслови од книги, стручна литература, енциклопедии со цел да се насочат да размислуваат за значењето на книгата.<br>Книгата крие многу тајни<br>• Што може да научиме од..?<br>✓ енцикопедија за морски животни<br>✓ планетите и ѕвездите<br>✓ книга со басни и сл.<br>Се избира и лектира која учениците ја имаат читано во второ или трето одделение и се насочуваат накратко да раскажат што научиле од таа книга со користење на глаголи во сегашно или минато време.<br>Завршни активности – изведување заклучок</td><td>Книги со песни, раскази, бајки енциклопедии</td><td>Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува на зададена тема со употреба на глаголи во сегашно и минато време<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа</td></tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците позајмуваат по една книга од училишната библиотека за читање за време на летниот распуст.<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил: Одделенски наставник – Наташа Тодоровска | | | | ООУ„Ѓорѓи Сугарев“ - Битола | |
| Адаптирал: Одделенски наставник: | | | | | |
| Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| Наставна тема – ЛИТЕРАТУРА, ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ | | | | ТРЕТО ОДДЕЛЕНИЕ | |
| **содржини и поими** | **стандарди за оценување** | **час и датум** | **сценарио за час** | **средства** | **следење на напредокот** |
| Усно и писмено изразување и творење | Раскажува по серија слики или илустрации. | 180 | **Воведни активности – активирање на предзнаења**<br>Во една кутија се наоѓаат различни слики (исечени од списанија, превземени од интернет, картички со слики и сл). Учениците имаат задача да извлечат по една сликичка, но не ја покажуваат на другите деца.<br>Наставникот поставува прашање:<br>✓ Кој има слики на кои е преттавено море, езеро, река?<br>✓ Кај кого на сликата има претставено село, планина, ливада?<br>✓ Кои ученици имаат слики со детски игри на улица, двор, игралиште?<br>✓ Кој на сликите има деца кои читаат книги во детска соба, во двор, на плажа и сл?<br>Учениците се групираат според содржината на сликите.<br>**Главен дел – искуствено учење**<br>Се насочуваат да состават заеднички расказ за тоа што ќе прават доколку одат на одмор на море, село, река, планина, додека играат со децата или кога ќе се дужат со книгите.<br>Учениците се договараат за расказот и секој може да запише една реченица и да напишат заеднички расказ.<br>**Завршни активности – изведување заклучок**<br>Заедно го презентираат својот расказ. Од сите раскази се | Кутија<br><br>слики(исечени од списанија, превземени од интернет, картички со слики)<br><br>А4 лист | Одговор на прашања со целосна реченици<br><br>Раскажува по серија слики или илустрации<br><br>Активно учество во работа во група<br><br>Учество во изведување заклучоци<br><br>Домашна работа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | прави „Книга на паралелката“<br>**Рефлексија**<br>(Предлог на прашања кои се поставуваат, но наставникот може да ги модифицира и да постави други со цел да добие реална слика на совладаноста на стандардите за оценување)<br>• Што правевме денес?<br>• Што научивте?<br>• Како можете наученото да го користите во секојдневен живот? | | |